**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**

# ПРАВИЛНИК

# ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

**Битола, 2023 година**

**СОДРЖИНА**

Општи одредби ..... 3
Организација на прв циклус студии ..... 3
Услови и критериуми за запишување ..... 4
Организација на наставата ..... 5
Права и обврски на студентите во текот на студирањето ..... 6
Напредување во текот на студирањето ..... 6
Мобилност на студентите, паралелно студирање и признавање на испити ..... 9
Испитен режим и начин на оценување ..... 10
Студенти ..... 10
Конфликт на интереси ..... 11
Дипломи ..... 11
Награди ..... 12
Рокови ..... 13
Преодни и завршни одредби ..... 13

Врз основа на член 94 став 1 точка 22 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018 и „Службен весник на РСМ“ број 178/2021) и член 283 став 1 точка 3 од Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола, Сенатот на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола на 216-та седница одржана на ден 29.09.2023 година го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“– БИТОЛА

## Општи одредби

### Член 1

(1) Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“– Битола.

### Член 2

(1) Првиот циклус студии на Универзитетот се организира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот, Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот, статутите на единиците на Универзитетот и другите општи акти на Универзитетот.

### Член 3

(1) Со овој Правилник се обезбедува ефикасност на студиите како и реализација на насоките за создавање единствен простор на високо образование во Европа и примена на Болоњскиот процес преку обезбедување висок квалитет на студиите, зголемување на мобилноста на студентите и наставниците и зголемување на проодноста на студирањето.

## Организација на прв циклус студии

### Член 4

(1) Единиците на Универзитетот можат да организираат два вида студии од прв циклус врз основа на акредитирани студиски програми:
   - прв циклус академски (додипломски) студии и
   - прв циклус стручни студии.

(2) Студиите се организираат во согласност со одредбите од Законот за високото образование и Европскиот кредит трансфер систем за пренос и акумулација на кредити (во натамошниот текст: ЕКТС).

(3) Единствените основи за организирање и реализација на студиските програми и режимот за студирање според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) се определени со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

## Услови и критериуми за запишување

### Член 5

(1) Општите услови и критериуми за запишување се дефинирани со Законот за високото образование.
(2) Селекцијата на кандидатите за запишување се дефинира во конкурс за запишување студенти на прва година на прв циклус студии на начин којшто гарантира рамноправност на сите кандидати без оглед на: раса, боја на кожа, пол, род, јазик, вера, политичко или друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба, инвалидност, сексуална ориентација и возраст.
(3) Критериумите врз основа на коишто се врши селекцијата и изборот на кандидатите за запишување на студиите се дефинира во конкурсот за запишување студенти на прва година на прв циклус студии.

### Член 6

(1) Кандидатите се пријавуваат на објавениот конкурс со пополнување пријава за упис на прв циклус, во согласност со конкурсот. Пријавата и другата потребна документација за упис наведени во конкурсот се доставуваат до Ректоратот или единицата во согласност со објавениот конкурс.

### Член 7

(1) Постапката за рангирање и утврдување листа на примените кандидати, ја спроведуваат конкурсните комисии што ги формираат единиците на Универзитетот, во согласност со конкурсот и упатството за негова реализација.
(2) За следење на реализацијата на конкурсот, Ректорската управа формира Универзитетска конкурсна комисија.
(3) За запишаните студенти се отвора личен картон, се заведуваат во матичната книга за запишани студенти и се издава индекс и студентска легитимација.
(4) За запишаните студенти се води и евиденција во Системот за електронска евиденција (iKnow) на Универзитетот.

### Член 8

(1) Образованието на студентите може да се финансира од Буџетот на РСМ или студентите да ги плаќаат самостојно трошоците за студирање во согласност со одредбите на Законот за високото образование.

### Член 9

(1) Студентите кои се запишуваат на студиските програми од прв циклус, склучуваат договори со Универзитетот/единицата за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно – образовниот процес.

### Член 10

(1) Студентите можат да се запишат како редовни или како вонредни студенти во согласност со условите наведени во конкурсот.
(2) На единиците на Универзитетот како вонредни студенти можат да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и условите поради кои може да се запишат како вонредни студенти, утврдени со конкурсот.
(3) Во текот на студирањето, доколку со студиската програма е утврдена можност за вонредно студирање, редовниот студент има право да го продолжи студирањето

како вонреден студент, со плаќање школарина, доколку ги исполнува условите поради коишто може да студира вонредно.

(4) Вонредниот студент има право да го продолжи студирањето како редовен студент со плаќање школарина во согласност со договорот со којшто е запишан.

(5) Студентот може да премине од вонреден во редовен студент доколку престанале причините за студирање како вонреден студент и е во согласност со прописите за бројот на студенти во групи за настава, вежби и сл.

(6) Промената на статусот може да се врши при заверка, односно запишување на семестар.

## Организација на наставата

### Член 11

(1) Наставата може да се организира со физичко присуство, online или хибридно.

(2) Наставата со физичко присуство и хибридната настава може да се организираат во просториите на Универзитетот, или како теренска и практична настава надвор од Универзитетот.

### Член 12

(1) Наставата се организира и изведува врз основа на утврден распоред на часови. Единиците се должни да го објават распоредот на часовите најдоцна 10 дена пред почетокот на наставата на веб-страницата на единицата.

(2) Распоредот на часови содржи: име на студиската програма, студиска година, име на предметот, време (ден, час) на одржување на наставата, место и начин на одржување на наставата, име на наставникот и други информации за наставата.

(3) На почетокот на семестарот секој предметен наставник е должен за секој предмет да изготви план за реализација на наставата.

(4) Предметниот наставник е должен на првиот час да ги запознае студентите со планот за реализација на наставата по предметот и истиот да го објави на веб-страницата на единицата.

### Член 13

(1) Предметниот наставник е одговорен за изведувањето на сите облици на настава: предавања, вежби, практична работа, менторство и др. и за исполнување на предвидениот план за реализација на наставата за соодветниот предмет.

### Член 14

(1) Наставниците и соработниците, се должни при изработката на индивидуалните работи и подготовката за проверка на знаењето, да им помогнат на студентите преку организирање часови за консултации.

(2) Термините за консултации треба да бидат усогласени со термините за настава (по правило пред или по наставата) и истите да бидат објавени на веб-страницата на единицата.

(3) Часовите за консултација треба да изнесуваат најмалку 4 (четири) часа неделно за наставниците и најмалку 8 (осум) часа неделно за соработниците.

(4) Часовите за консултација треба да се распоредени во најмалку два дена во текот на неделата за наставниците и најмалку четири дена во текот на неделата за соработниците.

(5) Термините на часовите за консултација се дефинираат на предлог на наставниците и соработниците.

## Права и обврски на студентите во текот на студирањето

### Член 15

(1) Општите права и обврски на студентите во текот на студирањето се дефинирани во Законот за високото образование.

### Член 16

(1) Редовните и вонредните студенти имаат право да посетуваат настава.
(2) Редовните студенти имаат обврска да посетуваат настава.
(3) Под настава се подразбираат: аудиторни или лабораториски предавања, аудиторни или лабораториски вежби, пракична натава (предавања и вежби) и сл.
(4) Редовниот студент може да отсуствува од настава најмногу три пати (оправдано и/или неоправдано) во текот на семестарот, во спротивно нема право на полагање на предметот преку колоквиуми.

## Напредување во текот на студирањето

### Член 17

(1) Студентот напредува во текот на студирањето, односно запишува предмети преку бројот на остварените кредити.
(2) Студентот може да запише минимум 24 кредити, но не повеќе од 42 кредити во семестар.
(3) Студентот може да запише помал број кредити од оние наведени во претходниот став доколку му се останати предмети што носат вкупен број кредити помал од 24.
(4) Доколку студентот ги има реализирано сите останати обврски според студиската програма, но нема дипломирано, може да ги запише кредитите од дипломската работа и во зимски и во летен семестар.

### Член 18

(1) Студентот кој запишува зимски семестар, во тој семестар:
- задолжително повторно ги запишува сите предмети (кредити) што не ги положил заклучно со септемврискиот испитен рок од претходниот, односно претходните зимски семестри,
- запишува нови предмети (кредити) од наредниот, односно наредните зимски семестри според студиската програма. Притоа, прво се запишуваат нови задолжителни предмети, а потоа нови изборни предмети.

  Ако студентот веќе ги реализирал сите обврски од претходниот зимски семестар, тогаш сите предмети се нови предмети од наредниот, односно редоследно наредните зимски семестри.

### Член 19

(1) Студентот кој запишува летен семестар, во тој семестар:
- задолжително повторно ги запишува сите предмети (кредити) што не ги положил заклучно со февруарскиот испитен рок од претходниот, односно претходните летни семестри,

- запишува нови предмети (кредити) од наредниот, односно наредните летни семестри според студиската програма. Притоа прво се запишуваат нови задолжителни предмети, а потоа нови изборни предмети.
  Ако студентот веќе ги реализирал сите обврски од претходниот, односно претходните летни семестри, тогаш сите предмети се нови предмети од наредниот, односно редоследно наредните летни семестри.

**Член 20**

(1) Студентите кои повторно запишуваат предмети, смеат да запишат нов предмет којшто според студиската програма условува претходно полагање на предметот што повторно се запишува, но полагањето на предметите треба да е редоследно.
(2) При повторно запишување на неположен изборен предмет, студентот има право да го замени изборниот предмет со друг изборен предмет од предметите што се активни во соодветниот семестар како изборни предмети.

**Запишување семестри и евидентирање студиска година**

**Член 21**

(1) Студентите запишуваат семестри. Статус на студент во тековната студиска година на првиот циклус студии имаат студентите кои ќе запишат, односно презапишат семестар.
(2) Запишувањето семестри се врши во согласност со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

**Член 22**

(1) Евидентирањето студиска година се врши врз основа на потребниот број освоени кредити определени со член 24 од овој Правилник.
(2) Евидентирањето поодделни студиски години според бројот на освоени кредити, се однесува на водењето евиденција на студентите по студиски години, додека напредувањето во текот на студиите е поврзано со освоените кредити.

**Член 23**

(1) Доколку студентот освоил најмалку 36 европски кредити се смета дека е студент во втора година на прв циклус студии.
(2) Доколку студентот освоил најмалку 90 европски кредити се смета дека е студент во трета година на прв циклус студии.
(3) Доколку студентот освоил најмалку 150 европски кредити се смета дека е студент во четврта година на прв циклус студии.
(4) Доколку студентот освоил најмалку 210 европски кредити се смета дека е студент во петта година на прв циклус интегрирани студии.

**Член 24**

(1) Студентите кои ги положиле сите предмети предвидени со студиската програма и до почетокот на новата студиска година го запишале, но не ја одбраниле дипломската работа, само ја евидентираат последната студиска година.
(2) Студентите кои ги положиле сите предмети од зимските семестри предвидени со студиската програма, но сè уште имаат неположени предмети од летните семестри,

во зимскиот семестар во новата студиска година не запишуваат предмети, туку само ја евидентираат студиската година.

**Член 25**

(1) Запишувањето семестар, односно предмети во дадениот семестар се врши во согласност со претходно положените предмети и освоените кредити, според членовите 18, 19 и 20 од овој Правилник.

**Член 26**

(1) Евиденцијата на предмети што се запишуваа, податоците дали тоа се повторно запишани предмети или нови предмети, како и висината на школарината се врши преку пополнување пријавни листови од страна на студентите при запишувањето предмети.
(2) Формата и содржината на пријавниот лист/формулар ја пропишува Ректорската управа.
(3) Точноста на податоците во пријавниот лист/формулар со свој потпис ја потврдуваат надлежниот вработен во Службата за студентски прашања и координаторот/ администраторот за ЕКТС за соодветната студиска програма.

**Член 27**

(1) Запишаните предмети задолжително се евидентираат и во Системот за електронска евиденција

**Член 28**

(1) Плаќањето на надоместокот за партиципација/школарина при запишувањето на семестарот се одредува според запишаните кредити. Пресметката се врши на начин што надоместокот за партиципација/школарина се дели со бројот на кредити за една студиска година, односно со 60 и така добиениот износ се множи со бројот на запишаните кредити на нови предмети.
(2) Студентите (во квота со партиципација, квота со школарина и вонредните студенти) коишто повторно запишуваат предмет, плаќаат 80% од партиципацијата, односно од износот за трошоците за студирање во согласност со статусот на студентот.

**Член 29**

(1) Студентите запишани во државна квота, кои по третпат не оствариле право за напредување во согласност со член 31 од овој Правилник, ги продолжуваат студиите како студенти кои студираат со школарина.
(2) Одредбата од став 1 не важи за студенти кои од оправдани причини по третпат не го оствариле правото за напредување. Како оправдани причини се сметаат:
- боледување подолго од 3 (три) месеци;
- бременост и породување;
- отсуство од земјата во случај кога кандидатот е упатен привремено да извршува работи во странство, научно усовршување во странство, учество во научни и спортски експедиции и слично и
- други оправдани причини.

(3) По барање на студентот од оправдани причини, наведени во претходниот став, студиите можат да бидат ставени во мирување, додека траат оправданите причини, но не подолго од две години. Одлука за ставање на студиите во мирување носи

деканот/директорот на единицата на Универзитетот. Времето за кое што студиите се ставени во мирување не се засметува во вкупниот рок за завршување на студиите предвидени со овој Правилник.
(4) Се смета дека студентот ги прекинал студиите доколку не запише семестар, заклучно до почетокот на наредниот семестар, иако ги исполнил условите.
(5) Доколку за време на прекинот на студиите се измени студиската програма, или истата повеќе не е активна, студентот е должен да ги продолжи студиите по изменетата или новата студиска програма, при што е должен да ги ислуша, да ги исполни и да ги полага разликите во изменетата студиска програма.
(6) Одлука за продолжување на прекинатите студии по барање на студентот носи деканот/ директорот на единицата на Универзитетот.
(7) За времетраењето на прекинот на студиите, студентот не плаќа партиципација, односно школарина.

**Мобилност на студентите, паралелно студирање и признавање на испити**

**Член 30**

(1) Студентите имаат право и можност да запишуваат и полагаат предмети на други студиски програми во рамките на единицата, на други единици на Универзитетот, на други универзитети во земјата и на други универзитети во странство, во рамки на програми за мобилност на студенти.
(2) Кредитите можат да се пренесуваат од една на друга иста, слична или различна студиска програма во рамките на високообразовните установи во земјата и странство.
(3) Критериумите и условите за пренесување на кредитите и условите за преминување меѓу студиските програми поблиску се уредуваат со: Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Правилникот за мобилност на универзитетите во земјата и во странство на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола на Универзитетот и договорот склучен меѓу високообразовните установи.
(4) Освен начинот и условите за признавање испити предвидени со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот, како и Правилникот за мобилност на универзитетите во земјата и во странство, на студентот којшто се запишува или студира на студиска програма на единица на Универзитетот, на негово барање, може да му се признаат и положени испити, односно стекнати ЕКТС кредити, доколку испитите ги положил, односно ЕКТС кредитите ги стекнал претходно, и тоа: на истата единица на Универзитетот, на друга единица во рамките на Универзитетот или на друг универзитет во земјата и/или странство.
(5) При признавањето на испитите, односно стекнувањето на ЕКТС кредитите, доколку испитот што студентот го положил не е вреднуван со ЕКТС кредити или е вреднуван со повеќе или помалку ЕКТС кредити, отколку предметот за којшто се бара да се признае испитот, истиот ќе се признае со толку ЕКТС кредити колку што носи предметот на студиската програма на којашто е запишан студентот, за којшто е извршено признавањето.
(6) Условите и начинот за остварување на правото од став 4 од овој член, ги определуваат единиците на Универзитетот. По барањето, на студентот му се

доставува соодветно решение/одлука со признати испити и број на признати ЕКТС кредити.

**Член 31**

(1) Во текот на студиите, студентот може да премине од една на друга студиска програма на единицата каде што е запишан, како и на студиска програма на друга единица, под услови утврдени со студиската програма на која се преминува, односно со правилата за студирање на единицата.
(2) Студентот има право на преминувањата од став 1 на овој член и при запишувањето во прва студиска година на други единици се до затворањето на матичните книги, доколку на студиската програма на која преминува не е пополнет бројот.
(3) Премин од една на друга студиска програма, доколку постои можност и под услови дефинирани со посебна одлука на единицата, може да се оствари ако се работи за:
- премин од една на друга програма на академски студии,
- премин од една на друга програма на стручни студии,
- премин од академска студиска програма на програма на стручни студии.

(4) Премин од програма на стручни студии на програма на академски студии не може да има.

**Член 32**

(1) Студентите можат паралелно да студираат и на друга студиска програма во рамките на единицата на Универзитетот, на други единици на Универзитетот или на други универзитети во земјата. По успешното завршување на двете студиски програми студентот добива две дипломи.

**Испитен режим и начин на оценување**

**Член 33**

(1) Наставните предмети од студиската програма можат да се полагаат: континуирано – преку колоквиуми или преку завршно оценување.
(2) Проверката на знаењето по одделни наставни предмети се врши на начин определен во Правилникот за можните начини за проверка на знаењето на студентот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

**Студенти**

**Член 34**

(1) Прашањата поврзани со статусот на студентите и нивните права и обврски како и дисциплинските мерки се дефинирани со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и статутите на единиците на Универзитетот.

**Член 35**

(1) На студентот му престанува статусот на студент ако студентот:
- дипломира,
- не ги заврши студиите во рокот утврден со закон, Статутот или правилата за студирање на Универзитетот,
- се испише,
- е исклучен, и

- во други случаи утврдени со правилата за студирање на Универзитетот и на единицата.

(2) Статусот од ставот 1 на овој член може да биде обновен.

(3) По обновувањето на статусот, студентот може да ги продолжи студиите по студиска програма која се применува.

(4) Во случај на промена на студиската програма, студентот е должен да ги ислуша дополнителните предмети, да ги исполни обврските и да ги полага различните предмети во студиската програма.

(5) Студентот на кој му е обновен статусот, ги продолжува студиите во согласност со овој Правилник со плаќање школарина.

(6) Статусот од ставот 1 на овој член може да биде обновен според постапката утврдена со Статутот на Универзитетот, освен ако статусот не престанал со трајно исклучување.

(7) Трошоците за обновување на статусот ги поднесува студентот, а истите се определуваат со општ акт на Универзитетот.

**Конфликт на интереси**

**Член 36**

(1) Предметниот наставник кој е член на Комисијата за одбрана на дипломскиот труд, не може да биде лице кое со студентот кој го брани дипломскиот труд е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или му е брачен другар, лице со кое живее во вонбрачна заедница или роднина по сватовство до втор степен.

(2) Доколку студентот со предметниот наставник е во роднинска врска во согласност со став 1 од овој член, наставникот е должен да се изземе за тој студент од Комисија за одбрана на дипломскиот труд и за тоа да го извести деканот/директорот на единицата.

(3) Деканот/директорот на единицата, во Комисијата за одбрана на дипломскиот труд, на местото од изземениот наставник назначува друг наставник од иста или сродна научна област во рамките на истото научно поле.

**Дипломи**

**Член 37**

(1) Лицето кое завршило прв циклус студии се стекнува со назив дипломиран и додавка на соодветната област, ако со закон не е уредено поинаку.

(2) Квалификациите коишто се стекнуваат со завршување на студиска програма на прв циклус студии припаѓаат на нивото VI Б за тригодишните додипломски студии, односно на нивото VI А за четиригодишните додипломски студии од Националната рамка на квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на квалификации.

(3) Со завршување на стручните студии од 60 до 120 ЕКТС кредити се стекнува соодветен стручен назив, во согласност со закон.

(4) Квалификациите коишто се стекнуваат со завршување на студиска програма на првиот циклус на стручни студии припаѓаат на нивото VI Б за тригодишните стручни студии од прв циклус, односно на нивото V А за кратки стручни студиски програми од прв циклус со 60 до 120 ЕКТС кредити од Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка за

квалификации и соодветствуваат на ниво VI, односно ниво V од Европската рамка на високообразовни квалификации.

(5) На студентот кој ќе ги изврши сите обврски по студиската програма, за добивање на високо образование во прв циклус на образование, Универзитетот и единицата на Универзитетот, врз основа на евиденцијата што се води за него му издава диплома.

(6) Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, академскиот назив по завршување на додипломските студии е bachelor или baccalaureus, односно baccalaurea.

(7) Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, стручниот назив по завршување на првиот циклус на стручни студии е bachelor или baccalaureus, односно baccalaurea, со додавка на струката, ако со закон поинаку не е уредено.

(8) Со дипломата од ставот 5 на овој член се потврдува дека студентот завршил студиска програма од прв циклус и се стекнува со соодветен стручен или научен назив. Составен дел на дипломата е додаток на дипломата.

(9) Дипломата и додатокот на дипломата на Универзитетот ја потпишува ректорот и деканот/ директорот на единицата на Универзитетот и се заверува со сув печат на Универзитетот.

(10) Заедничката диплома и додатокот на дипломата ја потпишуваат ректорот на Универзитетот и овластените лица на високообразовните установи со кои се организира студиската програма за стекнување заедничка диплома.

(11) Промоцијата на лицата кои завршиле стручни или академски студиски програми од прв циклус студии ја врши деканот/директорот на единицата на Универзитетот според постапка утврдена со правилата на единицата на Универзитетот.

**Член 38**

(1) На студентот кој ќе заврши само дел од студиска програма за стекнување на образование на прв циклус му се издава уверение, генерирано од Системот за електронска евиденција, за завршениот дел од студиската програма која содржи податоци за нивото, природата и содржината на студиите, како и постигнатите резултати.

**Член 39**

(1) Дизајнот и содржината на дипломата и уверението ги почитуваат критериумите за меѓународна препознатливост и прифатливост.

**Член 40**

(1) Содржината и формата на дипломата и упатството за подготовка на додатокот на дипломата и на другите јавни исправи определени со Законот за високо образование ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование.

**Награди**

**Член 41**

(1) Студентот може да добива соодветни награди и признанија за посебно покажани резултати во студирањето. Видот на наградите и критериумите и процедурите за

нивно доделување ги утврдуваат Универзитетот и/или единиците на Универзитетот.

**Рокови**

**Член 42**

(1) Сите наведени рокови во овој Правилник не течат во периодот од 15 јули до 25 август, како и во неработни денови, освен следните рокови:
(2) „Студентот брани дипломски труд најдоцна во рок од 8 (осум) години сметајќи од денот на почетокот на семестарот во академската година во којашто студентот се запишал на прв циклус (додипломски) четиригодишни студии.
(3) Студентот брани дипломски труд најдоцна во рок од 6 (шест) години сметајќи од денот на почетокот на семестарот во академската година во којашто студентот се запишал на прв циклус (додипломски) тригодишни студии.
(4) Студентот брани дипломски труд најдоцна во рок од 6 (шест) години од денот на почетокот на семестарот во академската година во којашто студентот се запишал на прв циклус стучни студии.
(5) Студентот брани дипломски труд најдоцна во рок од 10 (десет) години од денот на почетокот на семестарот во академската година во којашто студентот се запишал на прв циклус интегрирани студии.
(6) По барање на студентот, во оправдани случаи, наставно-научниот/наставничкиот/научниот совет на единицата може да одобри продолжување на рокот за одбрана на дипломскиот труд, но најмногу за една година.“

**Преодни и завршни одредби**

**Член 43**

(1) Со влегување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за условите, критериумите и правилата за студирање на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“– Битола од 17.11.2019 година.

**Член 44**

(1) Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

**проф. д-р Николче Јанкуловски**
**Претседател на Сенат**